2017 УЕФА СУПЕР КУП™
УСЛОВИ ЗА ПРОЦЕС НА ПРОДАВАЊЕ БИЛЕТИ

A. ВОВЕД

1. Опсег

Следниве 2017 УЕФА Супер Куп™ Услови за процес на продавање билети („Условите“) се создадени за да се обезбеди фер, правилен и ефикасен процес за купување и користење на билети за 2017 УЕФА Супер Купот™. Продажбата и употреба на билетите подлежат на следниве Услови и сите други применливи закони или прописи (како што е дефинирано подолу во делот „Прописи“) кои се однесуваат на пристапот и користењето на Стадионот (како што е дефинирано подолу).

2. Дефиниции

Билет за пристапност	еден од видовите на билет (како што е подобро опишано во член 3.3б подолу) понудени на продажба на порталот за продажба на билети, можностите за натпреварот се или билети за седишта со олеснет пристап или билети за инвалидска количка.
Барател	секое физичко лице кое наполнило 18 години и со правен капацитет да се пријави и да склучи договор за купување на Билети за 2017 УЕФА Супер Купот™ во согласност со овие Услови.
Барање	во електронска форма, пополнето и доставено од страна на Барателот онлајн преку порталот за продажба на билети со цел да се направи Барање.
Билет за придружник	дополнителен бесплатен билет за јавноста којшто се издава заедно со Билет за пристапност согласно Член 3.3б за носење на личен придружник/асистент од страна на лицето со посебни потреби што го има билетот.
Билет за седишта со олеснет пристап	Билет за лица со посебни потреби кои не користат инвалидска количка, но имаат потреба од седишта со олеснет пристап, кои се во близина на пристапните дополнителни содржини на стадион.
Гостин	лице кои придружува Успешен барател за присуство на Натпреварот кому Билетите може да му бидат префрлени согласно овие Услови и чии податоци биле обезбедени на Барањето.
Асоцијација-домаќин	Фудбалската Федерација на Македонија, бул. АСНОМ бб, МК – 1000, Скопје, Поранешна Југословенска Република Македонија, која е одговорна за организација и одржување на натпреварот во Поранешна Југословенска Република Македонија. За избегнување на сомнеж, Асоцијацијата-домаќин се смета за „организатор“ на Натпреварот во рамките на законот што се применува.
Натпревар	2017 УЕФА Супер Купот™ кој ќе се одржи на Стадион на 8-ми август, 2017 (или на друг датум/локација истакната од страна на УЕФА).

Известување за купување	известувањето за Барањето што ја потврдува распределбата на билет(ите) наведени во Известувањето за купување, како што е испратено од страна на УЕФА до адресата на е-пошта обезбедена од страна на Барателот во Барањето и како што е известено преку ажурирање на статусот на Барањето на барателот на порталот за продажба на билети.
Продажна цена	целосната цена за купување на Билетот(ите) избрани од страна на Барателот во Барањето, вклучително со трошоци за достава и ДДВ.
Политика за рефундирање	политиката за рефундирање на УЕФА која е повремено применлива и која може да се прочита на порталот за продажба на билети.
Прописи	значи, без ограничување, условите на следниве работи: - Законите на Поранешна Југословенска Република Македонија; - Прописите на стадионот; и/или - Статутите и прописите на УЕФА и Асоцијацијата-домаќин кои се применливи за Натпреварот.
Билет за седиште со ограничена прегледност	еден од видовите на билети кои можат да бидат понудени за продажба на порталот за продажба на билети е билет за Натпреварот за седишта кои имаат ограничен поглед на теренот.
Порачка	порачката направена од страна на Барателот преку Барањето за Билет(и) за Натпреварот согласно овие Услови. За да се избегне сомнеж, Порачката не создава обврзувачки договор помеѓу УЕФА и Барателот освен во случај порачаниот Билет(и) да е успешно распределен согласно Член 5.
Единечен билет	еден од видовите на Билети понудени на продажба на Порталот за продажба на билети е Билет за Натпреварот.
Успешен барател	секој Барател чие Барање/Порачка било одобрено од страна на УЕФА согласно Член 5.
Стадион	сите простории на стадионот во Скопје каде што натпреварот ќе се одржи, вклучително со сите области за кои е потребно Билет (или гостинска пропусница, доколку е применлива) за да се добие пристап.
Сопственик на Стадион	Акционерско друштво за изградба и управување на живеалишта и деловни објекти од исклучително значење на Републиката – Скопје, и секој друг оператор или закупец на Стадионот.
Прописи на Стадионот	Регулациите на стадионот кои повремено се применливи и кои може да се прочитаат на: www.uefa.com/skopje
Билет	билет од хартија или пластика во сопственост на Имателот на билет кој (предмет на овие Услови) му дава

	на имателот на билет право да присуствува на Натпреварот и да заземе седиште на Стадионот како што е наведено на секој таков билет.
Имател на билет	секое лице кое е во вистинска и легитимна сопственост на билет вклучувајќи ги и, без ограничување, Успешните барателии нивните гости (како што е применливо).
Портал за продажба на билети	интернет платформа преку која Барателите можат да се пријават за билети на https://supercup.tickets.uefa.com/.
Вид на билет	Билет(и) за пристапност, Билет(и) за седишта со ограничена прегледност (доколку е применливо) и/или Единечен билет(и).
УЕФА	Унија на европски фудбалски асоцијации чии канцеларии се наоѓаат на Женевска рута 46, 1260 Нион 2, Швајцарија и секоја целосно поседувана подружница, вклучително со но не и ограничено на, УЕФА Настани ДОО.
Билет за инвалидска количка	Билет за лице со инвалидитет кое користи инвалидска количка во склоп на просторот на Стадионот назначен за инвалидски колички.

B. ПРОДАЖБА НА БИЛЕТИ

3. Купување билети преку Порталот за продажба на билети

3.1. Секое барање за билет(и) бара претходна регистрација на Барателот на Порталот за продажба на билетите и Барателот мора да се регистрира на Порталот за продажба на билети следејќи ја постапката утврдена на Порталот за продажба на билети.

3.2. Барателот може да поднесе барање преку порталот за продажба на билети кој ќе биде отворен сè до моментот како што е наведено на порталот за продажба на билети. Во овој период, Барателот може да пристапи до Порталот за продажба на билети во секое време да го измени или да го откаже нивно барање. По затворањето на порталот за продажба на билети нема да биде можно менување или откажување на барањето. Навремено доставување на правилно пополнето Барање, уредно примено од УЕФА создава цврсто и неотповикливо барање за купување на билет(ите) наведени во Барањето, кое може да биде прифатено од страна на УЕФА во согласност со Член 5.

3.3. Порталот за продажба на билети ќе нуди опција на Барателите да достават Барање за Билети како што е наведено подолу:

а Единечен билет или билет за седиште со ограничена прегледност (доколку е применливо, но кои, за да се избегне сомнеж, не е гарантирано дека ќе бидат понудени за продажба на Порталот за продажба на билети) ќе биде достапен во три (3) ценовни категории („Ценовни категории“), врз основа на местоположбата на седиштето на Стадионот. Мапата на седење која ја прикажува соодветната Ценовна категорија ќе биде објавена на Порталот за продажба на билети;

б ограничен број на Билети за пристапност (или билет за седишта со олеснет пристап или билет за инвалидски колички) ќе бидат достапни на порталот за продажба на билетите, и тие ќе бидат доставени до Успешниот барател со дополнителен бесплатен билет за придружник. За имплементација на целите во рамките на овие Услови:

i. кога Барателот не е гледачот со посебни потреби, тогаш гледачот со посебни потреби ќе се смета како Гостин;

ii. кога Барателот е гледачот со посебни потреби, тогаш личниот придружник/асистент ќе се смета како Гостин.

3.4. Барателот не може да поднесе барање за повеќе од четири (4) Билети за натпреварот (вклучувајќи Единечни Билети, Билети со ограничена прегледност (ако е применливо) и Билети за пристапност) на Порталот за продажба на билет. Барањата за повеќе од четири (4) Билети (вклучувајќи Единечни Билети, Билети со ограничена прегледност (ако е применливо) и Билети за пристапност) и/или повеќекратни Барања од Барателот не се дозволени, и истите ќе бидат одбиени или откажани.

3.5. Гостите именувани во барањето на Барателот за Билети не може да бидат именувани во повеќекратни барања за Билети, без оглед на тоа дали таквиот Гостин е именуван како Барател или е именуван како Гостин на друг Барател. Барањата за билети кои резултираат во именуваниот Гостин да биде именуван на повеќе Барања за билети (без разлика дали како Гостин или Барател) не се дозволени, и ќе бидат одбиени или откажани.

3.6. Секој Барател или Гостин кој купил или му биле распределени Билети за Натпреварот преку кој било друг метод (вклучувајќи, но не ограничувајќи се на Билети купени и распределени преку продажните процеси спроведени од страна на клубовите кои учествуваат во Натпреварот) немаат дозвола да добијат билети во согласност со овие Правила и Услови. Секое Барање за такви Билети ќе биде одбиено или откажано.

3.7. Билетите за пристапност може да бидат лоцирани на различни места од Стадионот, во зависност од неговата поставеност, сепак сите Билети за пристапност ќе спаѓаат во Ценовна категорија 3.

3.8. Барателот кој поднесува барање за Билети за пристапност на Порталот за продажба на билетите ќе треба да прикачи на порталот за продажба на билети валиден официјален документ кој го потврдува нејзиниот/неговиот инвалидитет или инвалидитетот на гостинот (каков и да е конкретниот случај). Во однос на ова, Центарот за Пристап до Фудбал во Европа (ЦАФЕ) и УЕФА имаат блиска соработка.

3.9. Барателот нема да биде во можност да избира одредени седишта. Предмет на Членови 3.16 и 3.17, седиштата ќе бидат распределени по случаен избор врз база на Ценовната Категорија, Видот на Билетот и количината на порачани Билети од страна на Барателот на Порталот за продажба на Билети.

3.10. По идентификување на билетот(ите) кои сака да ги купи, Барателот ќе ја извести УЕФА со понуда дека Барателот сака да ги купи Билетите од УЕФА за Продажната цена преку пополнување и поднесување на Барањето на Порталот за продажба на билети.

3.11. Во Барањето, Барателот треба да внесе презиме, име, датум на раѓање, државјанство, број на пасош или лична карта за себе и за неговиот/нејзиниот гостин, како и сопствена поштенска адреса и телефонски број.

3.12. Одговорност на Барателот е да гарантира дека:

а барањето е целосно пополнето со сите потребни лични податоци и информации за наплата;

б задолжителните одобрувања во однос на процесирањето на личните податоци и прифаќање на овие Услови, како што е тоа побарано од страна на

УЕФА во Барањето, се соодветно дадени преку штиклирање на соодветното поле(полиња) во Барањето;

в барањето е соодветно поднесено до УЕФА согласно инструкциите наведени на Порталот за продажба на билети; и

г на наведената кредитна картичка за плаќање во Барањето има доволно средства за покривање на Продажната цена на Билетот(ите) (и сите трошоци кои произлегуваат од кредитната картичка наведени во Член 4.4).

Доколку Барателот не ги почитува горенаведените барања, Барањето (и воедно понудата на Барателот за купи Билет(и)) ќе биде одбиено.

3.13. Барателот потврдува и се согласува дека сите купувања на билети направени на порталот за продажба на билетите се конечни и дека (освен за случаи каде што се применува политика за рефундирање на средствата) нема да бидат дозволени откажувања и/или рефундирање или замени по затворањето на порталот за продажба на билети и успешна обработка на плаќањето преку кредитната картичка на Барателот во согласност со Член 4.

3.14. Со притискање на копчето „ПОДНЕСЕТЕ ГО ВАШЕТО БАРАЊЕ“ во Барањето на Порталот за продажба на билети, Барателот потврдува дека тој/таа ги прочитал, разбрал и прифаќа да ги почитува овие Услови.

3.15. Поднесување на правилно пополнето Барање, соодветно примено од страна на УЕФА, претставува понудата на Барателот да склучи договор за купување на билет(ите) наведени во Барањето, кои можат да бидат прифатени од страна на УЕФА, во согласност со Член 5.1.

3.16. Доколку побарувачката за билети го надминува вкупниот број на билети (без разлика дали за Натпреварот или за некоја категорија на билети), Билетите и/или нивните категории ќе бидат доделени на Барателите по случаен избор преку лотарија. Барателите чии Барања ќе бидат неуспешни по таквата лотарија ќе бидат информирани од УЕФА не подоцна од 14-ти јули 2017 година преку адресата на е-пошта наведена од страна на Барателот во Барањето.

3.17. Во случај билетите избрани од страна на барателот во одредена ценовна категорија да не се повеќе достапни, на Барателот може да му бидат распределени карти од друга ценовна категорија доколку барателот има изречно дадено овластување на УЕФА да го направи тоа со кликнување на соодветното поле во Барањето. Барателот разбира и прифаќа дека со притискање на соодветното поле можно е да треба да плати Продажна цена која одговара на ценовната категорија директно пониска или повисока од онаа што првично била побарана, што резултира во плаќањето на пониска или повисока Продажна цена.

3.18. Барателот прифаќа дека било која порачка што резултира во надминување на ограниченият број на билети од Членот 3.4 или ако му се распределени Билети што ќе резултира со повреда на член 3.6, ќе се поништи во целост, без оглед на тоа дали таквиот Барател е Успешен Барател.

3.19. На секој Барател кој, по разумно мислење на УЕФА, купува билет(и) со користење на некаков компјутерски софтвер кој е дизајниран да му овозможи на Барателот поголема шанса да биде успешен во купување на билети преку Порталот за продажба на билети (како што се ботови или пајаци) ќе му бидат откажани сите купени Билети, без разлика дали Барателот е Успешен барател.

4. Наплата

4.1. Плаќањето на Билет(ите) може да се направи само со кредитна картичка (МастерКард, Виза). Кредитната картичка не треба да има рок на истекување пред јули, 2017.

4.2. По изборот на категорија и количина на Билет(и) од страна на Барателот, јасно ќе се прикаже Продажната цена за Билетот(ите) на Барањето. Барателот прифаќа дека со притискање на копчето/полето за конфирмација во Барањето дава дозвола плаќањето да биде обработено, а од кредитната картичка на Барателот да биде наплатена сумата согласно Член 4.3, во случај побараните Билет(и) да бидат распределени. Распределувањето на Билет(и) означува прифаќање на Барањето од страна на УЕФА и за тоа ќе биде известен преку ажурирање на статусот на Барањето на Барателот на Порталот за продажба на билети.

4.3. По завршувањето на фазата на барање, како што е дефинирано во Член 3.2 погоре, и по процесот на распределба на билети преку лотарија (ако е применливо), УЕФА ќе ги обработува плаќањата со кредитна картичка од 4 јули 2017 година до 14 јули 2017 година со наплата преку кредитната картичка на Успешните барателина Продажна цена која одговара на Билетите избрани од страна на барателот или доделени преку лотарија (ако е применливо). Сите Продажни цени се наведени во Барањето и сите плаќања ќе се вршат во валута евра (€).

ЗАБЕЛЕШКА:

ВО СЛУЧАЈ КОГА БАРАЊЕТО НА БАРАТЕЛОТ Е ПРИФАТЕНО ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕН 5 ПОДОЛУ, БАРАТЕЛОТ ПРЕЗЕМА ОБВРСКА ДА ИМА ДОВОЛНО СРЕДСТВА ЗА ИСПЛАТА НА БИЛЕТОТ НА СМЕТКАТА КОЈА ОДГОВАРА НА НАВЕДЕНАТА КРЕДИТНА КАРТИЧКА.

БАРАТЕЛОТ РАЗБИРА И СЕ СОГЛАСУВА ДЕКА НЕЈЗИНОТО/НЕГОВОТО БАРАЊЕ ЌЕ БИДЕ ОДБИЕНО И ДЕКА НЕЈЗИНИТЕ/НЕГОВИТЕ БИЛЕТИ НЕМА ДА БИДАТ ДОДЕЛЕНИ ДОКОЛКУ БАНКАТА ЈА ОДБИЕ НАПЛАТАТА НА ПРОДАЖНАТА ЦЕНА НА БИЛЕТИТЕ.

4.4. УЕФА и Порталот за продажба на билети се наоѓаат во Швајцарија и сите наплати преку кредитни картички ќе се обработуваат во Швајцарија. Банката на Барателот ќе применува свој курс (доколку е применливо) и може да вклучи дополнителни трошоци или наплати за таквата трансакција. За да добијат повеќе информации за стапките, трошоците и наплатите од страна на банката која ја издала кредитната картичка, Барателот ќе се јави на банката пред да го поднесе Барањето. УЕФА и Асоцијацијата-домаќин нема да бидат одговорни за курсот, трошоците и наплатите кои произлегуваат од банката која ја издала кредитната картичка на Успешниот барател.

5. Одобрување на понуда

5.1. Договорот помеѓу УЕФА и Успешниот барател за купувањето на билет(и) ќе биде склучено и потврдено (според овие Услови) само по:

а успешно обработување на наплатата преку кредитна картичка за Билетот(ите) наведени во барањето согласно Член 4; и

б прифаќање на понудата на Барателот од страна на УЕФА преку доставување на Известување за Купување до Успешниот барател.

5.2. Успешните барателиа треба да го прегледаат Известувањето за Купување за грешки, особено во однос на количината, цената и категоријата на Билетот(ите). Сите грешки треба веднаш да се посочат до УЕФА согласно Член 18.

6. Дистрибуција на билети

6.1. Билетите ќе се доставуваат до Успешните барателина следните начини:

а. преку експресен курир испратени до адресата на достава на Успешниот барател како што е обезбедена на УЕФА во Барањето;

б. доколку обидот за достава со експресни курирски услуги во земјата на живеење на Успешниот барател не е успешна или доколку испораката од експресен курир до адресата на достава на Успешниот барател не е возможна од други вонредни околности за кои не сноси одговорност УЕФА, Билетот(ите) ќе бидат доставен кај таквиот Успешен барател лично за време на официјалното работно време во местото на подигање на билети на Стадионот (или во негова близина) како што е понатаму опишано во член 6.3;

в. во однос на ограничен број на Билети, УЕФА може да одлучи (по сопствено наоѓање) да ги достави Билетите до Успешниот Барател преку електронски "мобилни билети". Кога Билетите се доставени на овој начин, Успешниот Барател е задолжен на својот мобилен телефон да превземе апликација посветена за тоа. Таква апликација ќе биде ставена на располагање од страна на УЕФА или нејзините партнери само преку Apple App Store и Google Play Store и електронските Билети ќе треба да бидат прикажани на мобилниот телефон со цел да се влезе во стадионот. Кога Успешниот Барател е известен дека билетот(ите) ќе се достави(ат) преку "мобилни билети", тогаш Успешниот Барател има одговорност за да ја превземе и инсталира соодветната апликација и да се осигура дека Билетите се прикажуваат правилно на нивниот мобилен телефон . Во случај кога Успешиот Барател има проблеми со инсталацијата на релевантната апликација или превземањето на Билетите преку мобилната апликација, Успешиот Барател мора веднаш да ја извести УЕФА, а во секој случај не подоцна од 7 дена пред денот на натпреварот;

г. во врска со ограниченият број на Билети, како дел од општиот напор насочен кон максимизирањето на безбедноста и сигурноста на Натпреварот и спречување препродажба на Билетите на црниот пазар, УЕФА може да одлучи (на своја разумна дискреција) лично да ги достави Билетите на соодветниот Успешен барател за време на официјалното работно време во местото за подигање на Билети на Стадионот (или во негова близина) како што е понатаму опишано во член 6.4.

6.2. Предмет на членови 6.3 и 6.4, Успешниот барател ќе биде известен за методот на достава на Билетите за време на процесот на купување Билети на Порталот за продажба на билети и истото ќе му биде потврдено на Успешниот барател во известувањето за купување. Успешните барателu нема да можат да побараат: (i) промена на истото од страна на УЕФА; и/или (ii) рефундирање на Билетот(ите) врз основа на методот на дистрибуција применлив за нивниот Билет(и). За да се избегне сомнеж, Успешните барателu нема да добиваат рефундација за кој било Билет(и) испратен преку експресен курир во согласност со член 6.1а за кој Успешниот барател ја одбил доставата, не успеал одново да договори достава или не го преземал од компанијата за експресни курирски услуги или кој Успешниот барател не го подигнал во согласност со членови 6.3 и 6.4.

6.3. Доколку доставата на Билетите не е возможна во согласност со член 6.1б, Успешниот барател ќе биде информиран преку е-пошта веднаш штом ќе биде разумно изводливо дека нејзиниот/неговиот Билет(и) може да се подигне во работно време на местото за подигање на Билети. Е-поштата ќе ги обезбедува точните детали за местото за подигање на Билет(ти) како и работното време во кое Билетот(те) може да се подигне. Таквата локација ќе биде во близина на Стадионот или во центарот на градот Скопје. За да го подигне таквиот Билет(и), Успешниот барател мора да го покаже својот личен документ за идентификација (пасош или национална лична карта) за себе си и за својот Гостин(и) и испечатената верзија од горенаведената е-пошта. Гостинот(ите) мора да биде присутен во местото на подигање на билети заедно со Успешниот барател за да ги подигнат Билетите.

6.4. Доколку Успешниот барател треба да ги собере своите билети во согласност со член 6.1г, Успешниот барател ќе биде информиран преку е-пошта, не подоцна од 10 дена пред Натпреварот, дека неговиот Билет(и) може да се подигне во работно време на местото на подигање билети. Е-поштата ќе ги обезбедува точните детали за местото за подигање на Билет(ти) како и работното време во кое Билетот(те) може да се подигне. Таквата локација ќе биде во близина на Стадионот или во центарот на градот Скопје. За да го подигне таквиот Билет(и), Успешниот барател мора да го покаже својот личен документ за идентификација (пасош или национална лична карта) за себе си и за својот Гостин(и) и испечатената верзија од горенаведената е-пошта. Гостинот(ите) мора да биде присутен во местото на подигање на билети заедно со успешниот барател за да ги подигнат Билетите.

6.5. Во случаи во кои Успешниот барател треба да го подигне својот Билет(и) во согласност со членови 6.3 и 6.4 погоре, Барателот признава дека УЕФА ќе направи фотографија од Успешниот барател како што тој/таа го подига Билетот(ите) и Барателот со ова се согласува за таквото фотографирање.

6.6. Доколку Успешниот барател побара неговиот/нејзиниот Билет(и) да се достави на друга адреса и/или примател преку експресна курирска служба назначена од УЕФА да го доставува Билетот(ите), Барателите признаваат и се согласни дека курирската служба ќе ја извести УЕФА за деталите на таквата алтернативна достава и/или деталите за примателот и дека мора да се спроведат проверки на идентитет на Стадионот во однос на билетите распределени на Успешниот барател.

6.7. Билетите ќе останат сопственост на УЕФА во секое време.

6.8. За Дефектниот билет(и), како што се на пример Билети со нечитливо печатење или на кои недостасува бројот на седиште, УЕФА ќе биде известена во писмена форма во согласност со член 18 во рок од седум (7) дена од приемот на Билетите (освен каде што таквиот Билет(и) е подигнат од Успешниот барател на Стадионот (или во негова близина), во кој случај Успешниот барател мора веднаш да ја извести УЕФА). Дефектниот Билет(и) ќе биде заменет бесплатно доколку оригиналниот дефектен Билет(и) се врати на УЕФА во својата првична состојба. УЕФА, Асоцијацијата домаќин и Сопственикот на стадионот нема да бидат одговорни за загубен, украден, оштетен или уништен Билет(и) по доставата до Успешниот барател. Особено, УЕФА, Асоцијацијата домаќин и Сопственикот на стадионот нема да сносат одговорност за рефундирање на кој било Билет(и) или одново печатење на Билет(и).

6.9. Неисправните мобилни Билет(и), како што се на пример: Билети кои не се прикажани во посветената мобилна апликација, Билети кои не се прикажани поради дефект на мобилниот телефон или поради недоволна батерија, или со неточни лични информации прикажани на Билетот, ќе бидат одбиени пред влезот на стадионот. УЕФА, Асоцијацијата Домаќин и Сопственикот на Стадионот нема да бидат одговорни за неисправни, изгубени или украдени Билет(и) и ќе немаат никаква обврска повторно да издадат такви Билет(и).

C. <u>УПОТРЕБА НА БИЛЕТИТЕ</u>

7. Забранета употреба на билетите

7.1. Освен како што е изречно дозволено во член 7.2, која било препродажба, трансфер на Билет(и), понуда или реклама на Билет(и) за препродажба или пренос, без разлика дали бесплатно или за надомест, е строго забранета.

7.2. Успешниот барател ќе добие дозвола за пренос на Билетите на својот Гостин(и) (за кој деталите биле обезбедени во Барањето) доколку (здружено):

а. Успешниот барател ќе присуствува на натпреварот заедно со својот Гостин(и);

б. Билетите се за нивна лична употреба;

в. Таквиот дозволен трансфер нема каков било дополнителен надомест преку и над вредноста на Билетот; и

г. Гостите, со прифаќање на преносот на Билетите од Успешниот барател, се согласни да подлежат на овие Услови .

7.3. Билетот(ите) нема да:

а. се користи за каква било промоција, реклами, собирање средства, аукција, лотарија и кои било други слични комерцијални или некомерцијални намени;

б. се користи како награда (или дел од награда) во каков било натпревар, натпреварување, (промотивно) обложување или лотарија;

в. се комбинира со или продава како дел на пакет на стока или услуги; или

г. да се комбинира со и продава како дел од пакет за патување или услужни дејности (на пример комбинирање на летови, хотели и Билетот(ите)).

7.4. Имателите на билети нема:

а. да спроведуваат какви било реклами или промоции во врска со УЕФА, УЕФА Супер Купот или Натпреварот;

б. рекламираат, промовираат, раздаваат, дистрибуираат, продаваат или нудат за продажба кој било производ или услуга од кој било дел на Стадионот или преку прикажување на скриени комерцијални пораки на облека која е носена или предмети понесени во Стадионот; или

в. да експлоатираат какви било маркетиншки или промотивни можности во врска со Билетот(ите).

За да се избегне сомнеж, никакво брендирање, кое може да има какви било промотивни или маркетиншки намени, не смее да биде прикажано од страна на кој било Имател на билет на Стадионот.

7.5. Билетот(ите) стекнат или користен со прекршување на член 7 и/или член 12 од овие Услови ќе биде неважечки и кое било лице кое сака да го искористи таквиот Билет(и) ќе се смета за престапник и нема да има право на влез или ќе биде избркан од Стадионот без право на рефундација и може да подлежи на понатамошно правно дејство. Секоја неовластена продажба или трансфер на Билетот(ите) може да биде пријавена во полицијата.

8. Влегување на Стадионот

8.1. Пристапот до Стадионот ќе биде дозволен во периодот конкретизиран на Билетот или како што е објавено на веб-страницата на УЕФА на www.uefa.com.

8.2. Влезот во стадионот ќе биде:

а. предмет на усогласеност со:

i. овие Услови;

ii. Прописите за Стадионот;

iii. сите применливи закони (без разлика дали статутарни или поинакви и кои вклучуваат барања за здравје и безбедност) а кои го регулираат пристапот или присуството на Стадионот, присуство за време на Натпреварот, користење на Билетите, општ сертификат за безбедност и кој било посебен сертификат за безбедност кој е применлив за Стадионот издаден од кој било орган кој има надлежност или авторитет во врска со одржувањето на Натпреварот на Стадионот; и

б. дозволен по презентирање на валиден Билет по лице (без оглед на возраста) и, на барање, доказ за идентитет со валидна фотографија и потпис (пасош или национална лична карта)

8.3. Имателите на билет кои ќе го напуштат Стадионот нема да им биде дозволено повторен влез во истиот.

9. Однесување на Стадионот

9.1. Заради безбедност и сигурност, сите лице кои присуствуваат на Натпреварот, доколку и кога тоа ќе биде побарано од редарите, персоналот за безбедност и/или кои било други правно овластени лица кои го претставуваат организаторот на Натпреварот, ќе:

а. покажат валиден Билет заедно со доказ за идентитет со валидна фотографија и потпис (пасош или национална лична карта) со цел да обезбедат задоволителен доказ дека идентитетот на Имателот на билет соодветствува со тој на Барателот/Гостинот чиишто детали се обезбедени во Барањето;

б. дозволат проверки, телесни претреси и прегледи (вклучително со користење на технички помагала) за да се осигура дека не поседуваат опасни, забранети или неовластени предмети. Персоналот за безбедност, редари и/или полицијата ќе има право да врши претрес на облеката на кое било лице и неговите/нејзините лични предмети; и

в. ќе ги почитуваат сите упатства и насоки издадени од персоналот за безбедност, редарите и/или полицијата и/или кои било други прописно овластени лица на Стадионот.

9.2. Прописите за Стадионот содржат детални списоци на забранети предмети и однесување и секој Имател на билет целосно ќе го почитува сите ограничувања содржани во истиот. Скратените верзии на овие Услови и/или Прописите за стадионот, или едноставните икони кои илустрираат забранети предмети или однесување може исто така да бидат вклучени на Билетот и мора целосно да бидат почитувани од Имателот на билетот.

9.3. Без ограничување, строго е забрането да се врши било што од следното на Стадионот:

а. да се престојува или пристапува до области кои се затворени за јавноста или за кои пристапот не е овластен во согласност со релевантната категорија на Билет на Имателот на билет;

б. да ограничува или непотребно се задржува во области кои се отворени за сообраќајот, пешачки патеки и улици, влезови и излези за областите за посетители и излези за итни случаи; и/или

в. да врши какво било однесување кое може да загрози некое лице на Стадионот.

9.4. Навивачите кои ги поддржуваат тимовите кои учествуваат на Натпреварот не може да бидат сегрегирани на Стадионот и секој Имател на билет се согласува да се однесува одговорно и во согласност со насоките за безбедност и сигурност

комуницирани од УЕФА, Асоцијацијата домаќин и/или Сопственикот на стадионот.

10. Аудио и видео снимки

10.1. Сопствениците на билетите кои ќе присуствуваат на Натпреварот на Стадионот, се согласуваат да бидат фотографирани или снимани од страна на УЕФА, Асоцијацијата домаќин и/или Сопственикот на стадионот, и/или кои било трети лица кои би биле од нив назначени за да го прават тоа и ќе имаат право да ги употребуваат, емитуваат, објавуваат и лиценцираат, без никаква потреба од плаќање пари или друга форма на надоместок, гласот на Сопственикот на билетот, неговиот лик и слика преку снимка или пренос во живо и/или аудио изложување, емитување или друг вид на трансмисија или пак снимки, фотографии или кои било други моментално постоечки и/или идни медиумски технологии.

10.2. Сопствениците на билетите нема аудиовизуелно да снимаат и/или да вршат пренос на кој било звук, слика и/или опис на Стадионот каде се одржува Натпреварот (истото важи и за секој резултат и/или статистика од Натпреварот) освен за своја ексклузивна, приватна и домашна употреба (што, со цел избегнување на сомнежи и преку приложување на пример, не вклучува снимање и/или пренос на кој било звук, слика и/или опис на Стадионот за какви било комерцијални цели). Строго е забрането да се шират делумни или целосни содржини на звук, слика, податоци, опис, резултати и/или статистика од Натпреварот преку интернет, радио, телевизија или кои било други моментално постоечки и/или идни медиуми, или пак да му(им) се потпомага на друго(и) лице(а) да го прават истото. Авторските, правата на податоци и сите останати интелектуални права на сопственост при кои било неовластени снимања или пренос кои спаѓаат под оваа клаузула се задржани (преку сегашно доделување на идни права) кај УЕФА. Сопствениците на билетите дополнително се согласуваат дека (доколку воопшто и кога и да биде побарано тоа од страна УЕФА) веднаш ќе ги применат сите начини и ќе направат се што е потребно за целосно да го доделат правото, назив и интересот во таквите права на УЕФА, без какви и да било наплаќања или други надоместоци.

Д. РАЗНО

11. Одговорност

11.1. Доколку УЕФА, Асоцијацијата домаќин и/или Сопственикот на стадионот ги прекршат своите обврски (кои спаѓаат под овие Услови или поинаку), УЕФА, Асоцијацијата домаќин и/или Сопственикот на стадионот ќе бидат одговорни само за таквиот вид на загуба или оштетување под кое подлежи Сопственикот на билетот, а кои можеле разумно да се предвидат како резултат на прекршувањето на обврските. УЕФА, асоцијацијата домаќин и/или Сопственикот на стадионот нема да бидат одговорни за каков било вид на загуба или оштетување кои не можеле разумно да се предвидат или претходно да се обмислат во времето кога Барателот влегол во договор согласно со овие Услови.

11.2. И покрај Член 11.1, УЕФА, Асоцијацијата домаќин и/или Сопственикот на стадионот, не подлежат на одговорност при какви било бизнис загуби и УЕФА, Асоцијацијата домаќин и/или Сопственикот на стадионот не се одговорни пред кој било Сопственик на билет при загуба на профит, бизнис загуба, прекин на бизнис или загуба на бизнис можност.

11.3. Во секој случај, онолку колку што е максимално дозволиво со закон, УЕФА, Асоцијацијата домаќин и/или Сопственикот на стадионот со ова исклучуваат секаков вид на одговорност при загуба, оштетување или повреда настаната кај Сопственик на билет и/или нивен имот, вклучувајќи и (но не ограничувајќи се само на) каков било вид на индиректна или последователна загуба или оштетување,

вклучувајќи и (но не ограничувајќи се само на) незадоволство или пак трошоци за пат или сместување, без оглед на тоа дали загубата или оштетувањето: (а) би настанале при нормален тек на настаните; (б) се разумно предвидливи; или (в) се обмислени од страните, или слично.

11.4. УЕФА, Асоцијацијата домаќин и/или Сопственикот на стадионот нема да бидат одговорни за каков било вид на прекини и/или ограничувања при гледањето на Натпреварот, за кои причината би била (i) позицијата на седиштето и/или (ii) постапките на други гледачи.

11.5. И покрај сите одредби во овие Услови, УЕФА, Асоцијацијата Домаќин и/или Сопственикот на стадионот не бараат да ги исклучат или ограничат своите одговорности: (а) во случај на измама или измамнички претставувања; (б) при смрт или лична повреда поради небрежност на УЕФА, Асоцијацијата домаќин и/или Сопственикот на стадионот или на некои од нивните службени лица, вработени или агенти; или (в) за секој друг вид на работи за кои според закон не може да се исклучат или ограничат одговорностите.

11.6. Ништо што е изјавено или наведено во овие Услови не може да влијае врз законските права на Сопственикот на билетот.

12. Неовластени гледачи

12.1. Сопствениците на билетите имаат право да присуствуваат на Натпреварот само доколку не се Исклучено лице и под услов да преносот на Билетот до Гостинот(тите) (доколку истото може да се примени) подлежи на и е во согласност со Член 7.2 од овие Услови.

12.2. За потребите на Член 12, „Исклучено лице“ претставува:

а. секое лице на кое Асоцијацијата домаќин дала забрана за членство во клубот на фанови во националниот фудбалски тим (или на кое му била дадена забрана за членство во ист друг официјален клуб на фанови од страна на фудбалско раководно тело во кое било законодавство во Светот);

б. секое лице на кое му била издадена фудбалска забрана поради осуда, според законите на Поранешна Југословенска Република Македонија;

в. секое лице на кое му била издадена забрана од страна на УЕФА, ФИФА или кое било друго фудбалско раководно тело и слично, за патување или присуствување на фудбалски натпревар на асоцијацијата;

г. секое лице на кое му била издадена забрана од страна на УЕФА, Асоцијацијата домаќин и/или Сопственикот на стадионот за присуство на настани на Стадионот;

д. секое лице кое се смета од страна на клубовите учесници во Натпреварот да биде лице на кое Билети не треба да му бидат распределени (вклучувајќи, но не ограничувајќи се на лица на кои им било издадено забрана за влез во стадион од страна на соодветните клубот учесници); и

д. секое лице кое ги прекршило или ги прекршува овие Услови.

13. Податоци

13.1. Со кликање на копчето/полето за потврда на Барањето на порталот за Билети, Барателот:

а. потврдува и се согласува дека личните податоци поднесени во согласност со овие Услови, вклучително и во Барањето, како и името на неговите/нејзините гости се обработуваат од страна на УЕФА и ќе бидат внесени во базата на податоци во сопственост на УЕФА за целите на организација и одржување на

Натпреварот (особено во врска со продажбата на билети и/или соодветните мерки за безбедност и сигурност), како и сите други натпревари во организација на УЕФА; и

б. гарантира дека тој/таа има добиено согласност од своите гости за обработка на нивните податоци за целите наведени во точка а. погоре.

13.2. Барателот потврдува дека УЕФА може да ги предаде личните податоци на Барателот и личните податоци на неговите/нејзините гости на Асоцијацијата - домаќин, Сопственикот на стадионот (и нивните агенти) и/или надлежните органи, за целите утврдени погоре. Исто така, доколку Барателот специјално ја дал својата согласност на Барањето, неговите/нејзините лични податоци може да се користат за да му/ѝ се испраќаат (или на гостите) информации за производи, услуги, комерцијални активности и настани на УЕФА и/или нејзините трговски партнери.

13.3. Личните податоци доставени и поднесени во согласност со овие Услови, вклучувајќи ги податоците во Порталот за билети и Барањето, се чуваат и се обработуваат преку Порталот за билети во согласност со Политиките за приватност на Порталот за билети и УЕФА. Овие политики може да се најдат на: http://uefa.to/2lg9QjJ.

13.4. Со поднесување на Барањето секој Барател потврдува и се согласува, и ќе обезбеди неговите/нејзините гости да потврдат и да се согласат, дека го разбрале, го прифаќаат и ќе се придржуваат кон овој член 13.

14. Непредвидени околности

14.1. УЕФА, Асоцијацијата - домаќин и/или Сопственикот на стадионот го задржуваат правото да прават промени на времето, датумот и локацијата на Натпреварот поради непредвидени вонредни околности: виша сила, безбедност и/или безбедносни причини или други одлуки донесени од надлежен орган кои имаат големо влијание врз Натпреварот кој треба да се одигра на Стадионот.

14.2. Во случај на откажување, напуштање, одложување или преигрување на Натпреварот, успешниот Барател ќе биде обврзан со Политиката за рефундација во однос на секава рефундација за Билетите купени од страна на успешниот Барател, под услов:

а. сите рефундирања да може да се извршат само на успешниот Барател (а не на гостите) и само до Куповната цена платена од тој успешен Барател на Билетите, и нема, за избегнување на сомнеж, да му дава на успешниот Барател право на рефундација на трошоци и надоместоци направени од успешниот Барател или гостите во однос на патување или сместување;

б. предмет на горенаведеното и член 11, УЕФА, Асоцијацијата - домаќин и/или Сопственикот на стадионот нема да имаат никаква одговорност кон успешниот Барател или гостите за сметка на таквото откажување, напуштање, одложување, преигрување на Натпреварот или друга неможност или пропуст во одржувањето на Натпреварот.

15. Одвоивост и измени

15.1. УЕФА го задржува правото да ги промени овие Услови доколку е потребно да се обезбеди правилно и безбедно организирање на Натпреварот на Стадионот. УЕФА ги известува сите Барателите за таквите промени преку електронска пошта испратена на адресата наведена од Барателот во Барањето и Барателот ќе има избор да се согласи на таквите промени или да го повлече своето барање или да се повлече од договорот склучен со УЕФА во согласност со член 5.1 (како што е применливо).

15.2. Доколку некоја од одредбите од овие Услови се прогласи за неважечка, неефикасна, незаконска или неизвршлива од надлежен суд, регулатор или надлежен орган, останатите Услови ќе останат во сила како таквата неважечка, неефикасна, незаконска или неизвршлива одредба воопшто да не била вклучена.

16. Автентичен текст

Овие Услови се изготвени на англиски јазик и преведени на јазикот на Поранешната Југословенска Република Македонија и се достапни на Порталот за билети и, на барање, од УЕФА. Во случај на несовпаѓање на англиската и преведената верзија, англиската верзија ќе биде меродавна.

17. Општо

17.1. Секој Барател се согласува со овие Услови за себе и во име на своите гости (т.е. Барателот треба да обезбеди дека неговите гости ги разбираат, се согласуваат и ќе се придржуваат кон овие Услови).

17.2. Овие Услови го сочинуваат целосниот договор меѓу страните и ниту една страна нема да има право на некакво побарување или правен лек во однос на некоја изјава, застапување, гаранција или согласност, направени од страна на или во име на друга страна во однос на овие Услови, кои не се веќе утврдени во овие Услови.

17.3. Овие Услови се регулираат со законите на Поранешната Југословенска Република Македонија. Страните се согласуваат дека судовите на Поранешна Југословенска Република Македонија, или тие од местото на живеење или престојувалиштето на Барателот ако се квалификува како корисник, ќе имаат ексклузивна надлежност за решавање на каков било спор што произлегува од или во врска со овие Услови.

18. Контакт

Сите барања за информации за билети во однос на процесот на продажба треба да упатат до службата за корисници назначена од УЕФА во врска со процесот на продавање билети за Натпреварот, преку:

https://mk.support.tickets-scupfinal.uefa.com/hc/

или преку електронска пошта на:

support.tickets.scup.mk@uefa.ch